Република Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Влада на Република Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Бр. 14-334/1
11.01.2017 година
Аминта трети бр. 2,
1000 Скопје
Република Македонија
Тел. (02) 3134 477
Факс: (02) 3134 477
Е-пошта: info@mzsv.gov.mk
Сајт: www.mzsv.gov.mk

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство согласно член 49 став 3 од Законот за рибарство и аквакултура ("Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12 и 164/13), донесе

# РЕШЕНИЕ
## за одредување на надоместокот за издавањето на легитимацијата за рекреативен риболов

1. Надоместокот за издавање на легитимацијата за рекреативен риболов за 2017 година изнесува 400, 00 денари.

2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 27.12.2016 година од Македонската риболовна федерација е доставен допис примен со архивски број 14-11052/1 во кој е наведен предлог за висината на надоместокот на легитимацијата за рекреативен риболов за 2017 година која согласно член 49 став 2 од Законот за рибарство и аквакултура ја издава Македонската риболовна федерација .

Во доставениот допис е наведено дека предлогот за висината на надоместокот е усвоен и прифатен на управниот одбор на Македонската риболовна федерација согласно Статутот на федерацијата чии членки се риболовните здруженија – концесионери на риби и дека истиот е наменет за реализација на активностите предвидени во доставената и одобрена Програма на Македонската риболовна федерација за 2017 година.

Согласно горенаведеното се одредува висината на надоместокот на легитимацијата за рекреативен риболов за 2017 година да биде предложениот износ од 400,00 денари.

МИНИСТЕР,

м-р Михаил Цветков

Изработил: ИВ
Согласен: АС

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО * СКОПЈЕ *